# Записник

Од Третата седница на Секретарјатот за реформа во јавна администрација

одржана на ден 16.11.2018 со почеток во 14:00h

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА – заменик министер – раководи со Секретаријатот за РЈА); Билјана Николовска Жагар (МИОА- заменик член); Драган Тилев (СЕП- член); Татјана Трајковска (МФ – член) Лена Ничевска (МТСП- заменик член); Маја Маљановска ( МП – член); Пламен Георгиевски (МЛС – член); Тања Стаменова (ГС - член); Снежана Нацакова (СЗ – член); Миланчо Узпрцов (АА- член); Елтон Зекири (ССРД – член); Ардита Дема Мехмети (ЗЕЛС – заменик член); Лидија Цветановиќ (МбРКОТ) (Огнен Граорковски (КПВРМ); Јулијана Караи (СЕП); Јасна Бољат (СЕП); Есма Адиловиќ фазлиќ (МИОА).

Третата седница на Секретарјатот за реформа на јавната администрација започна со воведено обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретарјатот.

По обраќањето заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, на присутните членови им го соопшти дневниот ред кои воедно им беше доставен пред почетокот на самата седница, со што премина на расправа по точките од дневниот ред.

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 18.07.2018 година (среда), во 10.00 часот.

2. Разгледување на Првиот полугодишен извештај за 2018 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година.

3. Статус на реализација на активностите од III I IV квартал за 2018 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година

4. Разно (прашања/предлози)

**По точката 1 од дневниот ред Усвојување на записникот од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната аминистрација, одржана на 18.07.2018 година**, заменик министерот по информатичко општество и администрација го претстави записникот од вториот состанок што се одржа на 18.07.2018 година, при што побарано е од претставникот од Министерство за финансии да се интервенира во делот на присутни од записникот, при

набројување на  лицата кои се присутни да се дополнат со функциите и од која институција доаѓаат, по што присутните ја прифатија забелешката, и претседавачот Бајдевски заклучи записникот да се корегира согласно забелешката.

**По точката 2 од дневниот ред за разгледување на Првиот полугодишен извештај за 2018 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година**, заменик министерот по информатичко општество и администрација напомна дека денес е оддржана јавна расправа по Првиот полугодишен извештај за 2018 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, меѓудругото на настанот беа презентирани забелешките и препораките во однос на Прв извештај за степенот на имплементација на Стратегијата за РЈА 2018-2022 за периодот февруари – јуни 2018 година, подготвени од страна на Фондацијата Отворено општество, кои предлагам да бидат разгледани и земени во предвид бидејќи се обврска согласно Стратегијата за РЈА.

Претседавачот на Секретаријатот за РЈА, Бајдевски истакна дека **Првиот полугодишен извештај претставува** преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА за периодот февруари – јуни 2018 година,  од вкупно 72 активности кои ги следиме за првиот и вториот квартал на 2018 година,  покажува дека 27 активности се целосно спроведени, на 36 активности спроведувањето е во тек, а за останатите 9 активности се доцни со имплементацијата.

Истовремено, истакна дека Извештајот ќе се разгледува на Советот за РЈА, побара од присутните дали имаат забелешки по истиот и дали како ваков може да се стави на седница на Советот за РЈА.

Од присутните немаше забелешки, сите се согласија Првиот полугодишен извештај да се стави на дневен ред на седницата на Советот за РЈА што ќе се оддржи на 20.11.2018 година.

**По точката 3 од дневниот ред за Статусот на реализација на активностите од III и IV квартал за 2018 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година**, Билјана Жагар истакна дека Полугодишниот извештај ги опфаќа првиот и вториот квартал од 2018 година, додека пак за III и IV квартал од 2018 година ќе го опфати периодот јули –декември 2018 година, динамиката за следењето и спроведувањето ќе се однесува на активностите што се реализирани во тој период.  Согласно очекувањата веќе во Годишниот извештај треба да се видат резултатите од двата полугодишни извештаи.

Едногодишниот извештај планирано е да се разгледува на седница на Секретаријатот за РЈА, потоа на седница на Советот на РЈА и на крај да помине на Седница на Влада.

Со сите проблеми со кои се соочуваме, ова е местото каде ќе треба да алармираме. Во иднина сериозен аспект е поврзувањето на стратешкото со буџетското планирање, но не само од аспект на реформата на јавната администрација.

Претставничката од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, посочи дека дел од мерките не се јасни и дека треба дополнително објаснување. Исто така посочи дека треба да подготват прирачник како треба да изгледа една стратегија, со цел унификација на стартегиите кои се подготвуваат од страна на органите на државната управа, и побара повеќе институции со свои преставници да се вклучат во работната група.

Пламен Георгиевски претставникот од Министерството за локална самуправа, ја подржа идејата на претставничката од ГС, и истакна дека треба да се унифицираат стратегиите, а не во зависност од донаторот институциите да имаат различни стратегии.

Заменик министерот по информатичко општество и администрација, Бајдевски посочи дека членовите на секретаријатот во своите институции треба да го туркаат процесот на РЈА, со цел исполнување на мерките и активностите од Стратегијата за РЈА, и доколку треба да има и почести средби за подобра имплементација. Исто така, Бајдевски истакна дека е потребен и систем за рано предупредување, преку носителите на областа, членовите од институциите т.е да се ажурираат контактите од работните групи за подобра и побрза комуникација.

Претставникот од СЕП, Драган Тилев , посочи за полесно следење на имплементацијата на Стратегијата за РЈА , образецот за следење да се дополни со уште една колона со напредокот на преораките од СИГМА, истака дека во СЕП веќе е изработена Матрица за следење на сите краткорочни и среднорочни препораки од СИГМА 2017 година и истата ќе биде споделена.

<u>На крајот од состанокот се заклучи:</u>

- Првиот полугодишен Извештај за 2018 година, е разгледан и прифатен од страна на членовите на Секретаријатот на РЈА
- Првиот полугодишен извештај за 2018 година, да се стави на дневен ред за разгледување на седница на Советот за РЈА закажана на ден 20.11.2018 година.
- Да се земат во предвид препораките од Фондацијата на Отворено општество на Македонија (СОРОС) во однос на нивниот прв подготвен извештај за имплементацијата на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година.
- Институциите кои се носители на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, да достават податоци со пополнување на образецот за статусот на реализација на активностите од III и IV квартал за 2018 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година **најдоцна до 23.11.2018 година (петок).**